ПРИЛОГ

утрински Весник

# МОЌТА Е ВО НАРОДОТ

ЧЕТВРТОК **26** СЕПТЕМВРИ **2002**



## Невладиниот сектор предупредува:

# Разоружувањето - приоритетен општествен проблем

**МОЈАТА ВЛАДА!**



Билјана Ванковска, експерт за безбедносни прашања, за изборите, за разоружувањето

**Градиме демократија во полупротекторат**

Зошто кривична пријава против министерот Љубе Бошковски?

**Власта се практикува, а не се демонстрира**

Случај:

**Агресија врз новинарите**

Што покажува проектот : „Македонија и Албанија кон подобро разбирање и познавање

**Различни перцепции на исти настани**

Граѓанското општество низ призмата на политичките партии

**За цивилниот сектор само декларативно?**

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

ЕВРО БАЛКАН



**ЃУНЕР ИСМАИЛ**

## Зошто кривична пријава против министерот Љубе Бошковски?

# Власта се практикува, а не се демонстрира

## Таа ноќ размислувавме дали да останеме дома или да одиме пред Собрание

Кога во средата, на 18-ти септември, до нас неколкумина, стигнаа гласови дека околу Државната Изборна Комисија, поточно нејзината работа, се случува нешто чудно можеби и не бевме свесни, или пак не сакавме да повеуваме дека работите околу изборниот процес може да се компликуваат. Иако, веќе претходниот ден се случи упадот во Прилепската печатница и иако само некој час пред тоа во оптек беше пуштено "сценариото" за мистериозните гласачки ливчиња, мистериозно отпечатени во Данска, мистериозно вакумирани (нагласката е на вакумирани-обезвоздушени!) донесени и чувани од страна на данскиот контингент во КФОР и ТФФ, а сето во режија на Сорос, сеуште не помислувавме дека работите се сериозни!

Но, оптимизмот кој што ни го влеа претседателот на ВМРО-ДПМНЕ со џентлменскиот гест кон опозицијата и кон Господ-со признавање на поразот (без честитки до победникот!), не тераше да претпоставиме дека станува збор за акции на изолирани поединци, или пак, на не-дооладени вжештени глави и дека сето тоа можеби ќе се заврши-безмалку фолклорно! Сметавме дека е дојдено времето да се одмориме едно два-три саата, па да се завртиме кон опозицијата (за некој ден власта) и да почнеме полека да ги бистриме оптичките направи за посматрање, онака како што доликува на граѓани кои што не треба ништо да ѝ препуштаат на случајноста: значи, надолго, нашироко, длабоко!

Арно ама, се виде дека Натемаго 'нит ора, нит копа', ама за среќа тогаш е и видлив! Уште помислите не беа при крај, кога портпаролот на Државната изборна комисија, во раните попладневни часови прочита едно драматично соопштение со кое за прв-пат во историјата на сите Македонии досега, еден еминентно државен орган на јавноста, на граѓаните им соопшти дека се наоѓа: "...под силен притисок на Високи Функционери на МВР, со барање на средба, а во врска со објавувањето на дефинитивните резултати на изборите!?". Од тој момент работите тргнаа по друг пат, а и граѓаните (известувани, така да се рече "од минута-во минута") навлегоа во едно познато расположение. Ако во Неделата вечерта, кај сите без исключок (и кај оние кои гласале за и кај оние кои гласале против) се почуствува, се манифестира, олеснувањето од сета затегнатост која што висеше во воздухот последните неколку месеци, веќе во Средата, низ голема врата, Големата неизвесност се врати во нашите домови, со закана дека овојпат ќе биде дефинитивна!

Од она што успеавме да го сознаеме од извештаите на медиумите (да потсетам: најголемиот сојузник на цивилното општество), разбравме дека Државната изборна комисија е под притисок, а дека во Собранието на РМ влегла, или ќе влезе неидентификувана бројка на луѓе озаглавена како "Врв на МВР", под водство на Министерот Бошковски со намери, покрај предупредувањата дека го попречуваат изборниот процес, да оствари средба со Претседателката на Комисијата! До овде сосема доволно за кој било нормален граѓанин на оваа земја, со сите искуства со тнр. власти или пак, поединци кои направија војна, а не еден упад во работењето на Државната изборна комисија, да претпостави дека (ќе) се случува нешто што мирисa на пуч, нешто што и да не е пуч ги прекардашува сите граници на дрскост, безобразлук, намера да се руши, да не се остави ништо зад себе!

Подоцнежните објаснувања, изјави на скали, само го дополнија овој впечаток и ништо повеќе. Некои од сведоците (следниот ден) ни раскажуваа дека амбасадорите, нормално загрижени и излезени пред Собранието, биле по којзнае кој пат откако се во Македонија, запрепастени од сите овие случувања, не можејќи да си веруваат на очите и ушите дека такви нешта се случуваат! Ним Министерот им одржа инстант-предавање за тоа како: „...ни инсталирате влада, небаре сме некое племе Мау....", а потоа еден службеник (веројатно) на МВР сето тоа, на еден интересен англиски, им го преведе, им го дообјасни!

Таа ноќ сите ние долго размислувавме за тоа каде ни е местото. Дали дома, покрај телевизорите, или пак, пред Собранието. Многумина наши пријатели ни потврдија дека се бавеле со истите мисли. Превладеа сознанието дека со "излегување" сепак завршивме во Неделата на 15-ти и дека сиротите амбасадори се сосема доволни да не претставуваат токму таму и дека секое "излегување", всушност може да е очекувано и пресретнато со нечие поинакво(вооружено) излегување.

Веќе следниот ден, откако ја сумиравме состојбата, повикавме неколку адвокати за да го чуеме мислењето на струката. Сите до еден, не уверија дека кривичните дела се сторени, на сосема видлив начин, безмалку во директен пренос на ТВ!

Е, тогаш листот се превитка, се состави пријавата и понатаму веќе е познато, освен некои работи, кои сметаме дека треба да се повторуваат уште многупати

А тоа се дека: Во Македонија власта може да се практицира, а не да се демонстрира; Во Македонија нивото на демократска култура е многу повисоко одколку што политичарите и некои (полу)писмени "функционери" можат да претпостават од нивните кодошко-полициски позиции; Во Македонија на никого, ама баш на никого веќе нема да му биде допуштено да ја валка оваа земја и да ја срами пред светот; Во Македонија нема да му биде допуштено на никој да се однесува така, што сите деликвенти во околината ќе мислат дека таквата Македонија е Ел Дорадо за нив; Македонија нема да Личи на Амди и Љубе!

Што побргу тоа го разберат сите кои имаат амбиции да бидат власт и политичари, до толку подобро за нив!



**САШО ЧОЛАКОВСКИ**

## „Седмата сила" повторно жртва на насилство

# Огламник на новинарскиот врат

Работата веќе навистина стана претерано сериозна! Се тепаат и се апсат новинари, се палат автомобили и печатници, се рекламираат полициски закани за цензура. Новинарите и медиумите, како пилари на јавноста, сепак, ќе го издржат цунамито на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА. Има сериозни индикации за тоа. Интерпретацијата на реалноста што ја форсираше власта, наспроти објективноста, доживува фијаско. Всушност, се распаѓа целиот постмодерен концепт, комплетниот виртуелен систем на лажни вредности и квази патриоти, на фрустрирани провинцијалци и олигархиски криминалци.

Во егзалтираното владејачко бунило на македонско-албанскиот трилинг, со оперативата составена од двајцата први каубојци во МВР, сакаше ја операционализира парафразираната суштината на стариот добар вестерн "Убиј ги сите и врати се сам!": Замолчи ги медиумите и владеј непречено! Меѓутоа, овој за државата погубен конгломерат од ниски страсти и криминални сласти, во принцип, не можеше да сфати дека на нивната власт не ѝ треба опозиција ниту слободни медиуми. Оти во нормални држави ваквата власт самата од себе ќе се распадне. За власта на Георгиевски немаше подобра антиреклама од сопствената "реклама": од дворските будалетинки, на пример, кои со мазохистичко-идиотски потези, сакаат да донесат закон за информирање со кој тие ќе издаваат новинарски лиценци; од партиските полупијани батки кои тепаат новинари низ државата, само затоа што журналистите не требале да го споменуваат името на Георгиевски кое било свето; од лажни бранители кои ќе апсат главни уредници за конспирација против власта, додека во нивните вечерни партиски изданија лиферуваат постизборни сценарија; од новинари-рекетари, од кои те фаќа дијареа ако те фалат... Ете, само од таквите ступидни потези власта на Георгиевски ќе требаше да падне!

> Новинарите и медиумите, како пилари на јавноста, сепак, ќе го издржат цунамито на ВМРО-ДПМНЕ и на ДПА

Последната закана на првиот пендрак содржеше исклучително застрашувачка порака, упатена до запотените штапски и партиски насилници, кои во овие неколку предизборни месеци на новинарите гледаат како на легитимна цел за отстрел, а тоа е: Тепајте ги новинарите каде што ќе стигнете! Конечно, со таквите најави, власта се обиде на голема врата да воведе цензура или, во најмала рака автоцензура. Демек, уредниците и новинарите ќе се заплашат и ќе си го вклучат "малиот Љубе" во нивните глави, кој со пендрачето мафта кога на новинарот ќе му дојде "блудна мисла" за власта. Е, па, тоа време неповратно замина: во изминативе година-две во Македонија се создаде критичка јавност која респондира на пишувањата на медиумите, кои, пак, полека градат сериозна медиумска заедница и професионална солидарност. Без намера да се биде систематичен, да речеме, треба да се споменат реакциите на јавноста и на медиумите во случаите како моронската идеја за размена на територии; потоа скандалот со вилата на Водно на семејството Георгиевски; блудот што сакаа да ни го направат со Црквата... За сето ова, јавноста едноставно експлодира, медиумите бараа изјава или факт повеќе.

Врз таквата јавност и врз таквите медиуми веќе не ќе да е лесно да им се стави огламникот. Тоа треба да ѝ е кристално јасно на власта на Георгиевски, на следната власт и на било која идна власт. Медиумите го црпат сопствениот легитимитет од реакциите, од фид-бекот од јавноста. Колку поголем фид-бек, толку поголем легитимитет. Политичарите имаат избори (соочување со граѓаните) на секои четири години. Новинарите имаат избори секој ден.



Новинарот Зоран Божиновски заврши во Хируршкото одделение во Куманово, откако беше претепан од тројца маскирани лица

## Четири чурулки против една уста

Не знам каква реакција да напишам. Знам само едно и тоа го повторувам секаде и со секој со кој што имам контакт дека најголем проблем во македонското новинарство е насилството. Институционализираното и организирано како и бандитското. Зоки Божиновски е втор пат жртва на такво насилство пред се заради личната храброст што ја има покажано во неколку наврати, и како новинар и како човек. Оние четири чурулки кои што со метална шипка и пиштоли се обидоа да го заќутат постигнаа контраефект - го направија симбол на новинарски отпор.

Не знам каква реакција да напишам затоа што насилството е немо по природа и настапува како крај на вербалната комуникација. Знам само едно да повторам по кој знае кој пат: крајно време е еден ваков случај на насилство да се испроцесира. И знам уште една реакција која не се состои во пишување - ќе се потрудам државата Македонија да добие таква дипломатска шлаканица преку што ќе биде резил за чудо и приказ.

***Роберто Беличанец - Координатор на националната работна група на Пактот за Стабилност за медиуми***

## Фондација институт отворено општество

# Агресија врз медиумите и демократијата

Фондацијата институт отворено општество - Македонија го осудува бруталниот напад врз г-дин Зоран Божиновски, новинар на Радио Тумба - Куманово.

Сметаме дека овој инцидент не е само напад врз слободата на медиумите и информирањето, туку и агресија врз демократскиот развој на земјата.

ФИОО-Македонија апелира до Министерството за внатрешни работи на и до Јавното обвинителство , да ги преземат сите мерки и лицата кои учествувале во овој криминален акт да бидат казнети во согласност со законот. Сега, повеќе од кога и да било, граѓаните на Македонија имаат потреба да видат дека вакво однесување нема да се толерира.

Ги повикуваме и претставниците на меѓународната заедница во Макеоднија да се придружат во осудите на овој акт и во повиците за брза реакција на овластените државни институции, како и да ги поддржат нивните напори за доследно спроведување на законот.

# Интервју

БИЛЈАНА БЕЈКОВА

Билјана Ванковска, експерт за безбедносни прашања, за изборите, за разоружувањето

# Градиме демократија во полупротекторат

*Приоритети: хуманата безбедност и човековото достоинство*

**Изборите штотуку завршија. Резултатите се познати, иако ДИК сè уште работи на нивното финализирање. Дали сте задоволни од начинот на кој беа спроведени изборите и во тој контекст како ја оценувате улогата на невладиниот сектор?**

- Верувам дека го делам мислењето на мнозинството граѓани дека изборите донесоа големо олеснување. Парадоксот на нашата демократија е во тоа што дојдовме до тоа дереџе демократските избори да ги перципираме како безбедносна закана и уште да сме среќни што немало човечки жртви. И оценката за тукушто завршените избори е затоа парадоксална: во техничка смисла, тие поминаа повеќе од коректно, но постизборието веќе навестува дилеми. Тука нема ништо чудно, затоа што, впрочем, кај нас победи формалната демократија, а за онаа суштинската ќе треба да поработиме повеќе. Изборите беа еден вид референдум на кој граѓаните ги дадоа едногласно своите гласови против многуте фрустрации, проблеми, катастрофални и застрашувачки работи кои ни се случуваа во последните години. Што се однесува до извонредно позитивната улога на невладините организации, таа е неспорна. Меѓутоа, т.н. цивилно општество е многу поширока категорија во која влегуваат и разни вооружени групи, банди, протагонистите на организираниот криминал и мафијата. Колку што радува едната димензија, толку загрижува втората.

**Министерот за внатрешни работи непосредно по завршувањето на изборите не мируваше и изврши директен притисок врз ДИК. Се согласувате ли со мислењето дека тој негов потег имаше цел тивок државен пуч?**

- Несомнено, таквата злоупотреба на функцијата и на полицијата можеше да се претпостави. Ќе беше премногу убаво за да биде вистинито и изборите да минат без вакви појави. Министерот, за жал, ќе остави длабоки нарушувања во системот, затоа што, според мене, со претходната власт почна да цвета процес на т.н. приватизација на безбедносните структури, кои повеќе се однесуваа како парадржавни, отколку како државни структури. Самиот притисок врз ДИК, сепак, беше изведен во познатиот стил на министерот: доколку се случеше државен пуч, тој во никој случај немаше да биде тивок. Таквото флагрантно кршење на законот и етиката на изборниот процес, пред очите на огромното мнозинство на веќе определените граѓани и меѓународните монитори, ќе беше увертира во бран на хаос. Всушност, хаосот беше единствената политичка агенда на "пучистите".

**Граѓаните недвосмислено покажаа што мислат и што очекуваат во иднина од оние кои ќе дојдат на власт. Сепак, според Вас, кои се клучните сегменти, односно кои се приоритетните проблеми со кои треба да се соочи новата политичка гарнитура во државава?**

- Она што ме загрижува, и жал ми е ако звучи цинично, е фактот дека тешко можеме да зборуваме за граѓаните и нивната јасно изразена волја. Всушност, повеќе од кога било порано во Македонија имавме две предизборни кампањи, имаме два победника - и, за жал, не победија граѓаните, туку секој етникум се справуваше со противниците во својот табор. Поедноставено кажано, Македонците се радуваа за победата на СДСМ, а Албанците, исто така, со огромно мнозинство го поддржаа ДУИ. Во двата случаја гласањето, во толку огромен и јасно определен тон, беше повеќе гласање *против* отколку *за*. Граѓаните излегоа во голем број, и покрај навестувањата за несреќни сценарија, затоа што сметаа дека оние од власта *мора* да си заминат. Во постизборниот период се поставува потребата од соочување на двата победника, или подобро, на она што секој му го ветил на своето гласачко тело. Фракциите ќе се појават ако ветувањата се од таква природа што ќе значат длабока контрадикција. Дополнителен фактор е прашањето колку гласачите ќе бидат трпеливи, и што ќе се случи кога ќе се открие дека лидерите во старт дале ветувања кои нема да можат да ги исполнат. Новата политичка гарнитура ќе се соочи со огромни општествени проблеми кои, за жал, дури и се мултиплицираат во овој интеррегнум. Она што јас би го поставила како приоритет е прашањето за хуманата безбедност, човековото достоинство и човековите права и слободи. Мислам дека многу време бевме загрижени за националната безбедност, државата, територијата, власта, а заборавивме на малите човечки судбини и големите страдања и неизвесности.

> Ако доживеавме пораз во превенцијата на насилството, денес е огромна одговорноста за постконфликтно заздравување на општеството



Фото: Филип Антовски

> Изборната еуфорија ќе заврши во политичката сфера и сега треба да победи невладиниот сектор, кој ќе остане трезвен и критичен



> Гласањето, во толку огромен и јасно определен тон, беше повеќе гласање *против* отколку *за* изборната еуфорија, потоа сè ќе заврши во политичката сфера

**Говорејќи на оваа тема е неизбежно прашањето и за улогата на меѓународните фактори, како што е, на пример, НАТО!**

- Мое мислење е дека македонската стварност (за која самите придонесовме најмногу) веќе мора да смета на меѓународниот фактор како на фактор на домашната политика. Тие се дел на нашиот политички и безбедносен пејзаж. Меѓународниот фактор (или меѓународното цивилно општество, ако сакате) имаше значајна улога во предизборието, а од политичка гледна точка, меѓународниот фактор дури имаше и улога во еден вид изборен инженеринг во инсистирањето на формулата за коалиција помеѓу двата победника. Без трошка горчина сум подготвена да кажам дека треба да се соочиме со реалноста дека градиме демократија во услови на полупротекторат. Кога веќе го споменувате НАТО, би очекувала доследна имплементација на мандатот во Македонија. А самата македонска јавност би требала да размисли што е тоа што Словенците ги прави скептични кога станува збор за идното членство, па јавната поддршка е само 38 отсто. Одговорот е едноставен: прагматичните и рационални Словенци сметаат дека е тоа скапа работа за која не се подготвени да одвојуваат многу средства.

**Во државава веќе подолг период се пука. Последниот настан датира од пред само неколку дена. Луѓето сè повеќе се вооружуваат, некои легално, некои илегално. Неофицијалните податоци говорат дека во моментов над 150.000 легални парчиња оружје се наоѓаат во рацете на граѓаните, а дека само МВР по партиски клуч, во последнава година, поделила околу 10.000 парчиња. Како треба и како може да се справиме со овој проблем?**

-За мене лично беше шокантно (иако сè помалку работи веќе можат да нè шокираат) да слушам пукотници низ главниот град по повод славењето на победа на спортски натпревари (без разлика дали за македонската ракометна репрезентација или југословенската кошаркарска репрезентација). Со пукање се славеа и двете победи на 15 септември. Сметам дека го посочувате клучниот проблем на ова општество - разоружувањето (т.е. контролата над сето ова оружје кое циркулира) и демилитаризацијата на умот. Приватизацијата на безбедноста е феномен кој се случува кога државата е немоќна или неволна да ја обезбеди сигурноста на граѓаните, па тогаш тие или сами се вооружуваат или се јавуваат разни "заштитници", рекетари, фирми или банди кои нудат слични "услуги". Нашиот безбедносен систем е делумно приватизиран на ваков начин (јас го нарекувам зоолошка градина), а делумно државата нема контрола над дел од територијата каде што дејствуваат разни одметнички и доброволни групи. Справувањето со овој проблем е ургентна, тешка, но приоритетна задача. Покрај механизмите на правната држава, доследното исполнување на мандатот на меѓународните мисии во регионов, сметам дека треба да се работи многу на микрониво, во смисла на демитологизација на насилството кое се манифестира како заштитништво или јунаштво.

**Имајќи ги предвид не многу успешните искуства во регионов, но и во нашава држава, дали сметате дека граѓанските асоцијации, односно невладиниот сектор, можат да дадат свој придонес во неговото искоренување?**

- Апсолутно! Ако доживеавме пораз во превенцијата на насилството, денес е огромна одговорноста за постконфликтно заздравување на општеството. Невладиниот сектор е политички по својата суштина и мора да остане таков, секако, не преку кокетирање со оние на власт, туку преку инсистирање на тоа политиката и демократијата да станат средство за ненасилно решавање на споровите. Тоа е идеологијата и политиката на едно здраво и силно цивилно општество. Ако во политичката сфера се поделивме на табори, во сферата на цивилното општество би требало да видиме светол пример на заедничко дејствување, како граѓани обединети околу една заедничка визија - ненасилството. Меѓутоа, постои простор и за дејствување и во сопствениот (етнички) табор. Според мене, идеална би била ситуацијата во која како граѓани би дошле на позиции од кои би ги раскринкале сите оние кои на социјалните неправди им даваат етничка интерпретација. Со други зборови, фронтот за заедничко дејствување е доволно широк, а проблемите заеднички. Изборната еуфорија потоа ќе заврши во политичката сфера. Сега треба да победи невладиниот сектор, кој ќе остане трезвен и критичен.

## Дали Македонија по изборите е побезбедна?

Како што веќе реков, моето сфаќање за безбедноста е многу пошироко од она за што обично се размислува. Прашањето за безбедноста на Македонија е најнапред, прашање колку нејзините граѓани се чувствуваат безбедни. За жал, живеењето во страв, па дури и константно подгреваната паранојa, од нас направи граѓани кои го намалија прагот на прифатливоста на некои абнормални појави. Пред неколку дена, при посетата на една прекрасна пештера во Словенија (Шкоцјанске јаме), минувајќи низ темнината по тесни патеки, еден колега од Финска ми рече дека сега му станало јасно што е тоа несигурност (небезбедност). Спонтано се изнасмеав, кажувајќи му дека тоа за нас од Балканот не е ништо, бидејќи ние секојдневно се соочуваме со многу пострашни закани. Меѓутоа, втората мисла ми беше поразувачка. Сфатив дека несвесно стануваме горди на атмосферата во којашто живееме, а која за секој нормален човек од развиениот свет е неприфатлива. Ние овде дури не ги перципираме исто работите кои носат закани и страв. Нашите граѓани сè уште размислуваат на оној начин "само нека е мир, а за другото не е важно". Потребно е да престанеме да се задоволуваме со тој и таков лажен мир (како и да раскрстиме со лажната војна), кој е исполнет со сиромаштија, закани и стравови од тоа што носи утрешниот ден. Политичко-безбедносната слика на државата не е добра и, за жал, тоа брзо нема да се измени. Она што ни се случи во минатата година сè уште живее меѓу нас, дури и кога нема ситуации на отворена употреба на насилство. Многу актери од минатогодишната драма (или фарса, ако сакате) ќе седат во идниот ни парламент, а т.н. културно насилство (или политичка култура која го легитимира и оправдува насилството, заради праведна цел) се вкоренува во новосоздадените митови за разни херои и јунаштва. Мене сè уште длабоко ме вознемируваат многуте песни за храбрите синови на Македонија или детските песнички што ги пееја албанските дечиња во Арачиново по повод годишнината од големата победа. Сè додека не сфатиме дека со демократијата и политичките механизми не можеме да кокетираме во зависност од тоа колку нашите интереси се остваруваат низ политичкиот систем, сè дотогаш нема да можеме да бидеме горди на постојната политичка култура. А, сопствените деца мораме да ги заштитиме од милитантната новокомпонирана култура, која навлегува во сите пори на општеството.



АРТУР ПЕПА

> Македонија е високо милитаризирана земја, во која само МВР има дадено преку 150.000 дозволи за поседување оружје

### Невладиниот сектор предупредува:

# Разоружувањето - приоритетен општествен проблем!

Не треба да си многу долго во Македонија за да сфатиш дека државава "врие" од пиштоли, калашњикови, кашикари, рачни бомби ... и друго персонално оружје. Го има насекаде... Се разбира во поголем број во кризните региони - Тетово, Куманово, Скопје, но не заостануваат многу ни Битола, Прилеп, Охрид и Дебар, каде често се забележуваат вооружени инциденти, понекогаш и со трагичен крај. Колку за потсетување, во Тетово и неговата околина, ова лето од огнено оружје животот го изгубија повеќе од 15 луѓе.

Фактот дека историски, на Балканот, пукањето со огнено оружје се користи не само како средство за заплашување или ликвидирање на непријателите (секој својот или своите), туку, и како начин на изразување екстремни чувства ( на пример, раѓање на дете) го докажува нашиот безмалку бизарен однос кон овие "инструменти".

Би потсетил и на неодамнешните пост-изборни прослави, кога победниците (СДСМ и ДИУ) и нивните привзрженици, славеа не како да добија некоја политичка битка, туку како да се победници на некоја воена битка. Па така, таа вечер Македонија наликуваше на огромно воено поле.

Да не зборувам и за последниот настан (со политичка заднина?), во скопската населба "Јане Сандански", кога со две бомби-кашикари беа оштетени дваесетина и повеќе возила.

Во последнава година на некои места (зависно од локалните обичаи) оружјето се користи и како средство за забава. Така на пример, ако ти е здодевно или навечер не те фаќа сон, си го земеш оружјето излегуваш на прозорец или во двор, и празниш толку куршуми колку што сакаш (нема потреба да ги броиш тоа државата го прави за тебе, па утредента ќе го дознаеш и точниот број од дописниците на теренот) и после со нормализирано ниво на адреналин си доволуваш едно спиење до сабајле.



Но цинизмот на страна, фактот дека стотици илјади граѓани во државава, на легален или пак, на илегален начин се вооружени и дека тоа оружје се позачестено, транспарентно и трагично го користат, претставува сериозен аларм за државата. Македонија е високо милитаризирана земја, во која според неофицијалните податоци само Министерството за внатрешни работи има дадено преку 150.000 дозволи за поседување оружје, како и дека во последнава година, над 10.000 парчиња оружје се поделени по партиска линија.

Затоа, на патот кон целосно заздравување во пост-конфликтниот период, Македонија ќе мора најитно да конципира сериозна акција за ослободување од оружјето што го поседуваат граѓаните, особено она што го стекнале на нелегален начин.

За решавање на проблемот покрај институциите на системот кои се задолжени да обезбедат (нова) легална рамка , паралелно треба да се вклучат и граѓанските асоцијации, секако во рамките на цивилниот аспект, работејќи на терен со граѓаните, но и мониторирајќи го процесот на враќање на оружјето од страна на граѓаните.

Тука, секако не смеат да се заборават и искуствата што во последниве пет шест години, ги стекнаа неколку земји во соседството (Хрватска, Косово, Албанија, Србија, Босна и Херцеговина). Тие во соработка со меѓународната заедница спроведоа неколку акции за разоружување, кои имаа различен пристап, и заради тоа постигнаа и различни резултати. Нивните искуства, секако, дека ќе бидат од исклучително големо значење при креирањето на стратегија за справување со овој голем општествен феномен.

Заради сето ова невладиниот сектор ја започнува дискусијата на оваа тема. Почнува да бара решенија и да лобира за брза, осмислена и ефективна државна политика за разоружување.



### Мирјана Најчевска, Хелсиншки комитет

## Алтернатива на јазикот на оружјето

Неконтролираната дистрибуција на оружје на граѓаните, како и неконтролираната набавка на истотот во текот на вооружениот конфликт денес резултираат во состојба на постојана закана, опасност и загрозување на безбедноста на граѓаните. Граѓаните на Република Македонија постепено навлегуваат во затворениот круг на насилството како секојдневие. Причините за наоружувањето можат да бидат различни, меѓутоа резултатот е еден и ист - закана, опасност, загрозување на животот.

Оружјето во рацете на граѓаните секогаш значи можност правдата да се преземе во свои раце, можност оружјето да биде употребено и тогаш кога не мора, можност оружјето да испука тогаш кога не би требало и во оној кон кого најмалку би требало.Неконтролираното поседување на оружје веќе резултираше во повеќе трагични настани и почна да ги претвора улиците на населените места во несигурни и опасни подрачја. Моделот на насилник , херој со машинка во рацете или пиштол под пазувите, лесно се одомаќи за време на воената криза и многу тешко ќе биде да се искорени во поинаквите времиња што сакаме да ги изградиме. Најстрашно е што ниту во времето на кризата, ниту сега, како вистинска алтернатива на јазикот на оружјето не се нуди системот, и правото и компромисот.



### Лазар Китановски, екс-министер за одбрана

## Широк консензус за успех на акцијата

Концептот кој треба да се примени во Македонија во врска со огромното количество на оружје треба да биде многу посеопфатен и да се сфати дека тоа не е само правен , туку е и социјален проблем. Во законот кој ние го предложивме во парламентот, токму тоа и го предвидуваме. Во прибирањето на оружјето треба да се приклучат не само извршните органи, туку пред се пратениците во парламентот, потоа невладините организации, и што е многу важно - локалната самоуправа, затоа што е можно законот да е добро срочен, меѓутоа без сериозна подготовка - медиумска, социјална, тој да не успее. Проблемот во целост треба да се сфати како голем општествен проблем и сите фактори да се стават во игра, односно сите фактори кои можат да помогнат тоа да се реализира. Втор елемент, кој е многу важен е дека покрај оружјето кое незаконски се поседува, во Македонија голем број граѓани поседуваат оружје кое го добиле на некаков законски начин, со дозвола на власта, меѓутоа без да се запази целокупната процедура при добивањето. Оваа акција не треба да се сфати дека се однесува на определена група, туку се однесува на сите граѓани на Македонија. Мора да постои еден широк социјален консензус на сите политички субјекти, но и на јавното мислење и невладините организации.

Законот, кој ние го предложивме во парламентот има два елемента во неговата структура. Едниот е да се собере оружјето кое незаконски се поседува, а другиот дел се однесува на оружјето, кое е дадено со учество на власта, без комплетно почитување на законската процедура. Така што денес има случаи, како што се пука во Тетово или Куманово, да се пука исто така и во Струмица, во Штип или во Охрид. Тоа е затоа што оружјето е делено без да се води сметка кои луѓе имаат право да го поседуваат и за какви намери тоа оружје би можело да се користи. Во Македонија, како што беше на пример прилепскиот случај, имаше многу луѓе кои наводно не се претставници на формацијата, но прашањето е од каде тогаш формациското оружје кое го поседуваат. Од тука произлегува фактот дека ова мора да биде широка акција со вклучување на сите можни сегменти на општеството - политички, јавното мислење, невладините организации и локалната самоуправа која треба да помогне пред се во објаснувањето на потребата од предавањето на оружјето на власта.



### Агрон Буџаку,портпарол на ДУИ

## Враќањето на довербата ќе го врати и оружјето

Разоружувањето на граѓаните е еден од приоритетите на нашата партија, како важен елемент за подобрување на безбедносната ситуација во нашата земја. Постконфликтното заздравување на општеството не може да се оствари без да има доверба на граѓаните во институциите на системот, кои беа целосно дискредитирани. Прв чекор кон тоа, значи кон враќањето на довербата на граѓаните кон државните институции, е вршење на функциите на тие институции, главно на Министерството за внатрешни работи. Прво, треба да се деполитизираат целосно тие структури; второ, според Охридскиот рамковен договор, истите тие структури треба да ја рефлектираат етничката реалност на државата, што веќе почна да се реализира преку мешаните полициски патроли. Преку деполитизацијата на полицијата и новата етничка структура на силите на безбедност, овој државен апарат не треба да се доживува само како репресивен апарат , во функција на една политичка структура или етничка група, како што беше досега, туку како апарат, кој е во функција на заштита на граѓаните и на нивната безбедност. Тогаш ќе престане да важи еден од главните мотиви за поседување на оружје од страна на граѓаните.

На разоружувањето на граѓаните, особено во етнички мешани места, треба да се пристапи инклузивно, значи да се разгледа и кој има дозвола за оружје и по која основа му е издадена таа дозвола. Треба да се состави стратегија за дејствување, со тоа што, во имплементацијата на таа стратегија би требало да се вклучат, освен државните органи и цивилното општество и меѓународните специјализирани организации.

Ако се отстранат причинтие за поседување на оружје, значи и враќање на довербата на граѓаните кон институциите на државата, осигурување на безбедноста и враќање на меѓусебната доверба, нормализирање на ситуацијата во државата, оневозможување на дејствувањето на криминални и екстремни групи, тогаш ќе може ефикасно да се пристапи на решавањето на овој проблем.



### Зоран Јачев, Извршен директор на Форум - ЦСИД

## Во очекување на вистинска жетва

Во последните неколку години, црните хроники во печатените и електронските медиуми значително се променија. „Редовните„ известувања за кражби, сообраќајни несреќи и тепачки се во сенката на кривичните дела извршени со т.н. мало и лесно вооружување. Клучните зборови во написите се пиштоли, револвери, калашњикови, *кашикари*, експлозивни направи, *молотови коктели*, односно т.н. мало и лесно оружје. Поважно од поводот за негово користење - при семејни веселби, „расчистување на сметките„, или пак, за прослава на изборна победа -е дека во земјава постои оружје, кое е вон контрола на надлежните институции.

Не постојат конкретни проценки за количеството на оружје кое нашите сограѓани легално или илегално го поседуваат, но сосема е веројатно дека тоа ја надминува бројката од четврт милион огнестрелно оружје.Згора на тоа се -рачните бомби, стопански и воен експлозив, муниција, противпешадиски мини и сето останато, што во текот на минатите педесетина години (а, посебно во последниве пет - десет) го пронашло својот пат до земјава.

Република Македонија во наредниот период ќе се соочи со една од најтешките задачи - како да се собере оружје кое граѓаните неовластено го поседуваат? Светските искуства покажуваат дека тој процес никаде не се одвивал лесно и дека може да успее само ако е спроведен плански и врз основа на валидни проценки и анализи. Неопходно е да се изработат студии со кои ќе се утврди количината и можната распореденост на оружјето, причините заради кои тоа е набавено и се чува, психолошки профил на различните категории на граѓаните кои го поседуваат и, се разбира, дизајн на мерки кои ќе ги убедат граѓаните доброволно да го предадат. За да може тоа да се спроведе, мора да се вклучат и домашниот цивилен сектор (невладините организации и медиуми) и меѓународната заедница, за тој процес да се деполитизира и да се обезбеди граѓанска и цивилна димензија на активностите за собирање на оружјето. Како потврда за капацитетот и потребата од вклучување на цивилниот сектор, ќе послужи и студијата за малото и лесно вооружување на Форум - Центарот за стратегиски истражувања и документација, која треба да биде завршена кон средината на октомври.

Што покажува проектот : „Македонија и Албанија кон подобро разбирање и познавање“

# Различни перцепции на исти настани

## Косово - рак рана на меѓусебните односи на државите во регионот

Силјановска: Како е можно да се градат односи на заедничко разбирање во услови кога обете земји се воена депонија

Превала: Многу е битно какво јавно мислење ќе се изгради, дали во игра се недоверба и предрасуди

МАРИЈА КУКА








Како воопшто дојде до тоа македонските интелектуалци да ја рангираат Албанија како сосед со кого имаат најлоши односи, кога се знае дека Албанија нема претензии на македонската територија, а од друга страна СР Југославија е рангирана како сосед со кој Македонија има најдобри односи и покрај тоа што има нерешени прашања меѓу Македонската и Српската православна црква.

Ова е една од реакциите на албанските интелектуалци по објавувањето на резултатите добиени со прашалникот за проценка на меѓусебните односи меѓу Македонија и Албанија спроведен од Институтот Евро Балкан, а на прашањата одговараа личности од различни сфери на јавниот живот на Македонија. Истиот прашалник беше спроведен во Албанија од страна на Институтот за демократија и медијација во Тирана.

Севкупната слика од прашалникот покажува дека меѓу Македонија и Албанија има недоверба и предрасуди, односи коишто се под значително влијание на историскиот товар, дополнително комплицувани за време на минатогодишната криза во Македонија. Македонските интелектуалци сметаат дека Албанија се меша во внатрешните работи на Македонија, директно или индиректно поддржувајќи ја ОНА во нашата земја.

Педесет отсто од испитаниците во Македонија одговорија дека македонско-албански односи се на просечно ниво и дека соработката меѓу двете држави најчесто се сведува на декларации, а општа е и оценката дека македонското малцинство во Албанија не ги ужива истите права како албанското малцинство во Македонија.

Поголем дел од албанските испитаници сметаат дека една од главните причини, која влијаела врз стагнација на односите е доцнењето во целосната имплементација на Охридската Спогодба,како и одолговлекувањето на решавањето на проблемите кои произлегуваат од оваа спогодба. Албанија е оценета како жртва на официјално Скопје за етничките проблеми во Македонија, особено обвинета од македонските власти како поддржувач на „етничката дестабилизација“ на Македонија, иако Тирана се обидела да го покаже и демонстрира спротивното.

„Многу е битно какво јавно мислење ќе се изгради, дали во игра се недоверба и предрасуди, рече Шабан Превала, вицегувернер на Народна банка на Македонија, кој учествуваше во работата на работилница на проектот: „Македонија и Албанија кон подобро заедничко разбирање и признавање“ Ќе се согласите дека предрасудите и негативното јавно мислење кон одредена национална заедница ги создаваат раководните гарнитури во државите.Се покажа во практиката дека тука лежи најголемиот политички профит. Затоа имаме ситуација да се манипулира со голема Албанија, големо Косово, а потоа се влева страв кај народот. Една етичка заедница се претставува како плашило. Се разбира дека тоа не го чинат чесните граѓани. Тоа го чинат одредени структури кои сакаат да се одржат на власт, истакна Превала. Во воспоставувањето на односите меѓу двете држави мора да се има предвид дека за разлика од македонското малцинство кое во Албанија е во поскромен број, Албанците во Македонија се значаен фактор, и како бројка и како квалитет, фактор за развој на Македонија. Во тој поглед мора да бидеме реални,“додаде Превала.

„И во време кога раснеа меѓуетничките тензии меѓу Албанците и Македонците во Македонија беше присутна и тезата за голема Албанија, поврзување на Албанците од сите територии. Можеше да се очекува дека во перцепција на граѓанинот Македонец на еднаков начин ќе се доживее и она што се случува во Македонија во рамките на албанската етничка заедница и она што се случува во Албанија како однос на Албанија кон Македонија, но тоа не беше така, потенцира Емилија Симоска од Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања. Би се очекувало, на пример, ако кај 50 отсто од Македонците постои една нервоза кон албанската заедница, во смисла на чувство на загрозеност, дека приближен процент би се јавил и како чувство на загрозеност од Албанија, бидејќи постои една постојана врска која се провлекува во тие перцепции. Перцепциите сепак отидоа во друг правец. Дури и во периодот на највисоките тензии, граѓаните на Македонија не сметаа дека во односите со Република Албанија треба да влијае нешто што е внатрешно македонски проблем, објасни Симоска.

Професор д-р Гордана Силјановска подвлече дека за градење на добри односи мора да постои просперитетна економија, демократски политички систем, а и двете земји, за жал, се персонификација на организиран криминал и корупција.

„Како е можно да се градат односи на заедничко разбирање и признавање во услови кога обете земји се воена депонија. Јас не сум чула дека може да се гради воена демократија. Повеќе оружје нема никаде во Европа. Во услови кога има толку оружје тешко е да се разбираме со зборови и да се признаваме, рече Силјановска. Велат дека молотов коктел или ако сакате формула за конфликт и внатре и надвор е да имате концепт на нација етнос, а не нација демос, и централизирана држава. Јас ќе ги посочам одредбите на албанскиот устав кои токму се однесуваат на изградбата на нација демос, меѓутоа можам да докажам дека Македонија во моментот и во Уставот има концепт на нација етнос. Тогаш во вакви услови многу тешко дека малцинствата ќе бидат мост меѓу обете земји, туку напротив. Битно за односите е следното: Никогаш ние не можеме да говориме за релација Македонија - Албанија без да го немаме предвид третиот дел од бермудскиот триаголник во овие односи - Косово, и на крајот меѓународната заедница. Морам да кажам дека ако меѓународната заедница сака да има мир во регионот мора да има регионален концепт, а тој не смее да биде селектиран концепт.

Силјановска смета дека не треба да се манипулира со термините малубројно и многубројно малцинство.

„Во некои земји не може да се утврди колкав е бројот на малцинствата кога освен графата за матичната нација има графа „останато“, а во Македонија секој може да се изјасни така како што се чувствува. Како некој тогаш може да тврди дека се работи за хомогено или хетерогено општество.

Ќе ви набројам низа одредби од Уставот кои ние моравме да го смениме под притисок на меѓународната заедница, одредби што се однесуваат на малцинствата кои што ги имаат и Уставот на Грција и Уставот на Бугарија и Уставот на Албанија, а се однесуваат на заштитата на сопственото малцинство во соседните земји или во светот. Во преамбулата на албанскиот Устав пишува дека се остварува со векови старата аспирација на албанскиот народ како национален идентитет и за единство на албанскиот народ, понатаму единството се искажува и во однос на вера и во однос на јазик. Мора да кажам дека воочувам еден селективен пристап. Тоа не е решение кое води кон заедничко разбирање и признавање„- оцени Силјановска.

*Коалиција „Граѓани за граѓаните“*

# Дали некој сака да ги девалвира изборите?





Гледани од аспект на невладиниот секторот Изборите 2002, ги карактеризираше интензивна работа на граѓанските асоцијации, како и активна размена на информации за активностите на НВО во Македонија. Нормално имаше и такви кои не се придружија и не ги прифатија принципите на транспарентност што ги промовираше НВО-инфоцентарот и се решија на "соло" акција.

Но тоа не е проблем. Проблем може да претставува појавата на фантомски НВО организации и коалиции, а уште повеќе нивната злоупотреба за политички/партиски цели.

Изборите како општествен феномен стануваат атрактивни и привлекуваат внимание на се повеќе НВО. Повеќето од нив сериозно си ја сваќаат граѓанската обврска и преземаат сериозни активности кои даваат и сериозни резултати и ефекти. Но морам да забележам дека сите оние кои во фокусот на нивните интереси ги имаат изборите мора да внимаваат каков пристап ќе заземат зашто со несоодветни изјави можно е да се нанесат и непоправливи штети не само на рејтингот и улогата на НВО секторот туку, и на пошироката општествена заедница.

Забележавме неколку спектакуларни настапи на некои НВО, кои на прес-конференции искажаа своја загриженост и сомнеж во изборните резултати и тоа откако Парламентарните избори 2002 беа оценети како слободни и демократски и како голем чекор кон евроатлантска интеграција.

Дали се работи за обиди за девалвирање на овие избори или за спектакуларно привлекување на вниманието на јавноста? Доколку како граѓани навистина сакаме да придонесеме за развој на демократијата во Република Македонија мора да бидеме свесни и за одговорноста што произлегува од нашите активности и особено изјави.

Луѓето и НВО-ите кои сакаат да набљудуваат избори ги упатуваме на кодексот и принципите за домашно набљудување на изборите преземени од Коалицијата "Граѓани за Граѓаните" во кои се вели: "Доколку набљудувачите забележат некои неправилности и сметаат дека за тоа треба да им обрвнат внимание на членовите на избирачкиот одбор тоа треба да го направат на најдискретен начин, но во никој момент не смеат да им даваат инструкции или пак, да им наметнуваат решенија на официјалните изборни органи."

Сепак, според законите, Државната изборна комисија е највисок изборен орган во Македонија кој ги утврдува резултатите од изборите. Евентуални несогласувања според соодветна процедура се поднесуваат до Врховниот суд на Македонија. Не е потребно јавноста да се возбудува со несоодветни изјави и нелогични сомнежи.

За да докажеме дека во Македонија не живеат некои "чау-чау" племиња, мора така и да се однесуваме. Пред сè мораме да ги почитуваме законите и институциите на државата, како и легалните процедури и постапки.



**НВО инфоцентар Женски прес - центар**

Мери Ен Рукавина, Пакт за стабилност

# Жените не чекаат друг да им ги решава проблемите

Колку кризата во една земја е поголема, за жал таа е попопуларна кај донаторите

КАТЕРИНА БОГОЕВА

Мериен Рукавина е родена во Париз, а пораснала во Чикаго, каде студирала политички науки и женски студии. Во 1994 година доаѓа во Хрватска за да работи со женските хрватски и босански невладини организации, кои ги преставуваа бегалците во таа земја, во текот на војната. Во Босна била вклучена во организацијата на првите избори, за потоа да работи во Сараево, во Одделот за демократизација на проектот "Жените за политиката", кој прераснува во програма, а потоа и во комплетна секција. Во 1999 година се вклучува во остварување на идејата за учество на жените во Пактот за стабилност. Нејзиното доаѓање во Македонија, беше поврзано со одржувањето на последните парламентарни избори.

**Како течеше процесот на реализација на идејата, која од почетокот ја поддржаа голем дел од женските организации во регионот?**

Направивме еден широк апел за вклучување на жените во Пактот за стабилност, и собравме над петстотини потписи.Тогаш, во Македонија беа косовските бегалци и потписите се собираа и во кампoвите, од жените членки на парламентите, од жените во владите, се разбира преку невладините организации во земјите на регионот. Се создаде еден мал тим кој отиде на состанок со специјалниот координатор на Пактот, Бодо Комбах, и членовите на Пактот ја прифатија нашата однапред подготвена програма. Така, се создаде Работната група за еднаквост на родовите на Пактот за стабилност. Шефица на иницијативата беше Соња Локар и се воспостави конструкцијата составена од жени во невладини организации и во владини институции, преставнички на земји од Унгарија до Грција, за потоа да се вклучи и Молдова. На жените во тој период им беше приоритетно прашањето за промена на политичката сцена, бидејќи тогашниот просек на жените во парламентот беше 7 отсто.

**Што се случуваше од другата страна, со какви проблеми се среќававте, зар се одеше сè така лесно?**

Најлошо беше што луѓето на почетокот, не не сфатија воопшто сериозно. Требаше да поминат година- две, за да се направи голем бум на политичката сцена, за да се види нашата сила. Ова беше единствената иницијатива која доаѓаше од овој регион, а влегуваше во Пактот за стабилност. Останатите големи, демократски земји се надвор од регионот, а тие ја кројат политиката. Можете да ја замислите двојната дискриминација, ем си жена, ем доаѓаш од Балканот, и седиш со многу постари господа од земјите со постара демократија. Тешко беше сето тоа да се пробие. Во првата година на реализација на Пактот , на почетокот на 2000 година, Работната група за еднаквост на родовите, доби 10% од сите средства кои беа поделени, но постигнавме најмногу од сите заедно. Сметам дека некому ,барем малку му го сменивме мислењето дека ние овде, во регионот на Југоисточна Европа, не седиме и не чекаме друг да мисли за нас, да ни ги реши нашите проблеми. Треба да се направи многу за работите да се помрднат, нешто како ова овде во Македонија, жените да излезат масовно на гласање. Кога жените влегуваат како кај вас со 17% во Парламентот, тогаш луѓето со сериозност гледаат на нивната работа. Имаше работи каде што и не успеавме. Имавме широка програма, петшет различни полиња на работа, економски развој, законодавство, партиска работа, работа на теренот со невладините организациии и др. Донаторите ни даваа малку за секое од полињата, а ние цело време работевме регионално. На почетокот беше многу тешко, затоа што се случуваше од 10 -12 земји само 3 да добијат проект, а ние моравме да ја одржиме целината и тогаш кога одделни земји не беа популарни за донаторите. Колку кризата во една земја е поголема, за жал ,таа е попопуларна кај донаторите. Успеавме да покажеме дека низ заедничка работа, се работи и се распоредува подобро.



**Според Вас, кое е денес местото на Македонија во регионот и поширокот, од аспект на Работната група за еднаквост на половите во Пактот за стабилност?**

Македонија сега, со 17 % жени во Парламентот, се наоѓа пред Србија, Словенија и Црна Гора, Грција, Албанија, а зад Бугарија и Хрватска. Тоа не зависи од тоа дали некоја земја е на север, југ, запад, единствен критериум е тоа што жените се погрижија да го добијат тоа место, колку добро беа организирани и имааа заедничка цел. Во Грција на пример, има силни жени, дури и женски мрежи, но тие се уште не работат заедно и тематски на подигање на местото на жените во општеството.Нивниот процент на учество во власта не оди напред, без разлика што се во Европската Унија.Тоа важи и за Италија. Во рамките на Европската Унија постојат посебни програми, за начинот на кој јужните земји во Унијата би го подигнале своето женско учество. Но не можеш да правиш програма надвор од тие проблеми, да не можеш да го најдеш она што е заедничко.

Вашите невладини женски организации се навистина политички освестени, влијаат на политиката, сакаат да се чуе нивниот глас и тоа е многу позитивно. Најголем прдизвик сега е да ги задржите тие 17% во Парламентот, а се разбира дека тој број ќе влијае и на идната Влада и на политиката воопшто.

Женски изборен прес-центар

## Родово сензибилизирање на општеството



Единицата за документирање и информирање на Истражувачкиот центар за родови студии при Институтот "Евро-Балкан", во соработка со женските невладини организации, а поддржан од швајцарската Програма за развој и соработка и ФИООМ, како што е познато, за време на Изборите 2002 го организираше Женскиот прес-центар, заради:

- Поголема видливост на жените за време на Изборите 2002
- Активна и ефикасна двонасочна комуникација меѓу женските НВО и медиумите
- Родово сензибилизирање на медиумите
- Нестереотипно, нешовинистичко и недискриминирачко претставување на жените во медиумите

Во рамките на овој проект беа анализирани од родова перспектива кандидатските листи, изборните програми на политичките партии, нивните кампањи, а редовно беа набљудувани и изборните содржини објавени во печатените и електронските медиуми.

Прелиминарните резултати од анализите беа објавени и побудија голем интерес во јавноста. Сега, останува тие да се финализираат, да се објават интегрално во брошура и секако, да се продискутираат со претставниците на женските невладини организации, политичките партии и медиумите.

Зборник

## Истражувања од областа на родовите студии



Неодамна, Институтот "Евро-Балкан" - Истржувачки центар за родови студии објави Зборник на истражувања од областа на родовите студии

Зборникот содржи 12 истражувања од областа на родовите студии, како на пример, "Жената во хеленската и македонската херојска епика", "Жени-светици во јужнословенската писмена традиција", "Родовите стереотипи меѓу средношколците во Македонија", "Идеологијата на женските мневладини организации во Македонија" и други, спроведени во 2000 година.

Истражувањата се организирани во неколку тематски целини: Книжевност, Психоаналитички перспективи, Социо-културни контексти и Дискурси, а во зборникот се поместени текстови на Витомир Митевски, Славица Србиновска, Катица Ќулавкова, Лидија Стојановиќ-Лафазановска, Добрила Миловска, Елка Јачева-Улчар, Маја Бојаџевска, Николина Кениг, Марионка Велева и Јадранка Владова, Митко Чешларов и Жарко Трајаноски.

Ова е првиот том од истражувачката програма на Истражувачкиот центар за родови студии поддржана од Фондацијата институт отворено општество-Македонија. Во подготовка е вториот том со проектите започнати 2001 година, а на почетокот на следната година од печат ќе излезе и зборникот со овогодинешните истражувања.

Регионален адресар на женски групи

## Електронска база на 464 организации



Родовите центри за документирање и информирање од девет пост-социјалистички европски земји, координирани од Женска инфотека, од Загреб, Хрватска, а поддржани од Институтот Отворено општество - Мрежна женска програма, кон средината на месецов, го финализираа Регионалниот електронски адресар на женски групи. Целта на проектот е да ја олесни комуникација меѓу организациите, како и да ги претстави нивните активности и проекти. Регионалниот адресар е достапен на интернет-страната на Женска инфотека, со адреса: http://www.zinfo.hr/indoc/Indotm. Во овој момент на страницата е интегрирана база на 464 женски групи, организации и институции од 9 земји од Југоисточна Европа. Базата е пребарлива не само според името на организацијата и земјата од која таа потекнува, туку и според содржински клучни зборови кои ги опишуваат областите и начините на работа.

Македонскиот дел од базата, кој содржи информации за 81 женска организација, го подготви Единицата за документирање и информирање на Истражувачкиот центар за родови студии, при Институтот "Евро-Балкан", во текот на 2001 и во првата половина на 2002 година, врз основа на Адресарот на женски невладини организации од Македонија.Оваа електронска база ќе се ажурира двапати годишно ЕДИ преку прашалници кои ќе им бидат доставени на сите женските групи. Доколку постои организација која не е вклучена во адресарот, нејзините претставнички можат веднаш да воспостават комуникација со Единицата за документирање и информирање, на телефон: (02) 375 570 или на **е-маил: edi@sonet.com.mk**

## Библиотечен фонд со 400 наслови



Во рамките на Истражувачкиот центар за родови студии, при Институтот "Евро-Балкан", функционира библиотека со фонд од околу 400 книги од областа на родовите студии, филозофијата, постколонијалната критика и психоанализата. Најголемиот дел од книгите се ретки изданија објавени на англиски јазик. Библиотеката е отворена за јавност секој работен ден, од 12:00 до 14:00 часот, а е сместена во просториите на Институтот, на булевар: Партизански одреди 63, во Скопје. Дополнителни информации може да добиете на телефон: *(02) 375 570* или на **е-маил: edi@sonet.com.mk**

Електронска новинска архива

## За политичките состојби во Македонија-62.000 статии

Електронската новинска архива (ЕНА) е единствената електронска база на печатени медиуми во Македонија, која функционира во рамките на Институтот Евро-Балкан, од септември 1999 година. Основна дејност на ЕНА е архивирањето на македонскиот дневен и периодичен печат на македонски и албански јазик (Нова Македонија, Вечер, Дневник, Утрински весник, Македонија денес, Глобал, Факти, Фљака, Лоби, Старт, Зум, Денес, Форум, Актуел, Капитал, Фокус), во електронска форма и на тој начин овозможува лесно и брзо пребарување според повеќе критериуми: автор, медиум, временски период, област, клучни зборови, личности, организации и слично.



Досега ЕНА има архивирано над 62.000 статии и таа претставува мошне корисен извор на информации за политичките состојби и превирања, главно во Македонија, во периодот од почетокот на ЕНА до денес. Во тој период Македонија помина низ мошне драматични настани какви што беа воената криза, уставните промени, локалните, претседателските и парламентарните избори, политичките кризи и пресврти во меѓупартиските односи, донесувањето значајни закони, приватизацијата, медиумските афери и случаи. Сите тие настани се пресликани во ЕНА од повеќе аспекти, фактографски, но и од гледна точка на политичките субјекти, преку изјавите на политичарите и новинарските гледишта во печатените медиуми со различна политичка ориентација.

За сите заинтересирани, ЕНА е достапна преку Интернет. Годишната претплата е 100 евра и тоа за едно корисничко име/лозинка. За повеќе информации, обратете се на телефон: (02) 375 570 / лок. 113 и 114 или на е-**маил: ебалканЖсорос.орг.мк**

## Граѓанското општество низ призмата на политичките партии

# За цивилниот сектор само декларативно?

**Македонскиот центар за меѓународна соработка - МЦМС, со цел да обезбеди прегледно информирање на граѓаните, на компаративна основа во предизборниот период, во 4 објави во дневните весници (меѓу кои и „Утрински весник"), презентираше делови од изборните програми на политичките партии кои учествуваа во Парламентарните избори 2002 година, со осврт на одредени теми.**

**Беа објавени извадоци на петнаесетина партии, чии изборни програми беа достапни, на следните теми: граѓанско општество; развојот на заедниците со посебен осврт на локалната самоуправа и водоснабдувањето/санитацијата на заедниците; намалување на сиромаштијата и вработувањето. Поради просторот, во овој број на „Моќта е во народот" објавуваме само дел од програмите кои ги објавуваше МЦМС, и тоа оние кои се однесуваат на развојот на граѓанското општество во Македонија. Партиите се претставени по азбучен ред.**

**Охрабрува фактот дека поголемите партии на ова прашање му обрнуваат посебно внимание. Да се надеваме дека во својата парламентарна работа на ова прашање нема да му пристапуваат само декларативно, туку ќе дадат сериозен придонес во изградбата на граѓанското општество во Македонија...**



### СДСМ

## Партнерски однос со НВО

„Политиката на Владата на СДСМ во периодот од 2002-2006 година ќе се темели врз 4 партнерства (едно од нив) - Партнерство со невладините организации и со медиумите во изградбата на граѓанското општество и јакнењето на општествената одговорност" *(стр. 5 Нашите етички принципи и вредности)*

"Изградбата, стабилизирањето и развојот на институциите на граѓанското општество за СДСМ се важен фактор за стабилноста на демократијата во Македонија и за стабилизирање на демократските институции во неа.



Бројните невладини организации и фондации во Македонија во овој период беа важен фактор, а понекогаш имаа и клучна улога во процесот на разоткривањето на разновидните злоупотреби од страна на власта, во изградбата на демократската свест и политичката култура, во промовирањето на ненасилните методи за разрешување на конфликтите, во градењето на довербата меѓу етничките заедници и во подигнувањето на еколошката свест во Македонија.

Владата на СДСМ ќе гради партнерски однос со невладините организации во одбраната на демократските процеси и институции и ќе создава услови за нивен непречен развој и дејствување. СДСМ ќе се спротиставува на сите обиди за неоснована дискредитација на невладините организации во врска со нивната лојалност кон интересите на Република Македонија. *( стр. 39, VI Политички систем, 7 Да бидеме способна, чесна и одговорна власт, 7.1.11 Поддршка на невладините организации за развојот на граѓанското општество)*

### ВМРО-ДПМНЕ и ЛП

## Слободно здружување на граѓаните

Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и ЛП се залага за слободно здружување и организирање на граѓаните и за артикулација на политичките и на другите групи интереси на граѓаните.

Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и ЛП смета дека здружувањето на граѓаните во партии или во невладини организации и здруженија, мора да биде слободен процес, без директно мешање на државата, како содржина на демократијата во државата.



Како резултат на демократското владеење на коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и ЛП во поглед на слободното здружување на граѓаните доволно говори податокот за зголемениот број на невладини организации и здруженија.

Големиот број проекти, во кои се вклучени голем број граѓани со најразлична политичка провиниенција и национална припадност говори дека владата предводена од коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и ЛП во изминатиов четиригодишен период најдемократски го третираше проблемот на слободно здружување на граѓаните. Ваквите трендови и залагања ќе ги продолжиме и во наредниот период." *( стр.8 Темелни вредности и принципи, Слобода на здружување)*

### ДУИ

## Механизам за неутрална контрола



Граѓанското општество, за ДУИ, е еден многу значаен сегмент и затоа ќе се поддржи неговото адекватно структурирање, комбинирајќи ја традицијата со современото. Концептот на граѓанското општество треба да се воспостави меѓу државата, претпријатијата - стопанска дејност, и семејството.

ДУИ смета дека граѓанското општество има посебна улога во неговиот придонес за воспоставување и функционирање на една вистинска демократија во една држава без демократски традиции, како што е Македонија. Треба да се постави еден вид механизам за неутрална контрола кој ќе ја надгледува работата на државните институции и органи. ДУИ ќе промовира кампања за информирање на граѓаните за нивните права предвидени со законот, кампања која може да се организира од невладините организации со поддршка од западните држави и асоцијации и од земјата. Исто така, ДУИ ќе го промовира зацврстувањето на улогата на Омбудсманот, кој повеќе треба да биде во служба на граѓаните и да биде надгледуван од граѓанското општество.



Едно од главните определби на ДУИ е градење мултиетничка држава. Во овој правец, граѓанското општество може да одигра значајна улога. Треба да се обнови и да се зацврсти сожиботот и за ова најкомпетентно е граѓанското општество во неговиот традиционален аспект, оживувајќи ги старите балкански вредности на солидарноста, почитувањето кон соседите со различна етничка и верска припадност.

Невладините организации треба да се ангажираат уште повеќе во спроведувањето на Охридскиот договор, реализирајќи проекти за постигнување на еднаквоста на Албанците во вработувањето, образованието, културата, спортот и во другите сфери на општеството. Исто така, ДУИ посветува особено внимание на едукацијата на младите генерации, што опфаќа и посебни програми против негативните појави кои се појавуваат во едно општество во транзиција, каде ангажманот на граѓанското општество е многу потребен. *(стр. 42-43, Уставен систем за имплементација на измените, Граѓанско општество)*

„Тешко може да се говори за демократија, плурализам, унапредување на правдата, корегирање и комплетирање на една држава без развиено цивилно општество. Ќе работиме врз проширување на сознанијата за неговата нужност, ќе креираме услови за негово побрзо развивање и ќе градиме партнерски однос со него". *(стр.44, дел III Ќе ги унапредуваме демократијата и владеењето на правото, Ќе создаваме услови за непречен развој на цивилното општество)*

## Граѓанско општество

# Македонски состојби

**ЃОРГЕ ИВАНОВ**

Иако новите расправи за оваа стара тема се водат повеќе од десетина години (а од 1985 интензивно и во Словенија), ќе бидеме сведоци за пројавениот маргинален интерес за нea во Македонија. Причините за ова се многубројни, но како прво се издвојува збунетоста што ја предизвика самиот термин "цивилно општество" со кој наеднаш и без некое образложение почна да се преведува словенечкиот термин "цивилна друж-ба" дотогаш вобичаено преведуван како граѓанско општество. Освен ова, праспраата за цивилното општество беше покрената во исто време со политички "експлозивната" расправа за цивилното служење на воениот рок што тогаш во Македонија политичките форуми, но и средствата за јавно информирање, службено ја квалификуваа и опишуваа како специјална војна против југословенската војска. Покрај ова, одбивност предизвика што цивилното општество се спомнуваше и во контекст на словенечката национална програма, објавена во бројот 57 од списанието "Нова ревија" (за што се искажаа многубројни обвинувања и во Македонија).

Исто така, за поголемиот дел од читателите на весници и неделници во Македонија терминот граѓанско односно цивилно општество не значеше ништо повеќе од капиталистичко/буржоаско општество. Оние пак што пројавија некаков интертес се разочараа кога увидоа дека синтагмата цивилно општество ја нема дури ни во тогашните водечки југословенски речници, лексикони и енциклопедии.

Покрај наведеното, сепак во Македонија, иако на почетокот сосем срамежливо ќе почне да се водат расправи за она што се случуваше во Словенија и за иницијативите на словенечката младина.

Иако водената расправа за новите општествени движења во младинската организација ќе покаже катастрофално непознавање на нивната суштина, таа сепак ќе поттикне одреден број млади интелектуалци во Македонија посериозно да се занимаваат со теоретското одредување на новите општествени движења. Соодветна улога, на почетокот ќе одигра и младинскиот печат (Млад борец и Студентски збор) во кој ќе почнат да се јавуваат текстови што ја елаборираа оваа проблематика. Подоцна тоа ќе се случи и со другите весници...

...Отсуството на развиеното цивилно општество во Македонија доведува до тоа да не постојат доволно јасно издиференцирани општествени групи (ниту објективно, ниту пак според саморазбирање). Ако се знае дека претставничката демократија претпоставува јасно изразени интереси на општествените групи (како што вели Ален Турен) тогаш слободно можеме да кажеме дека демократијата во Македонија дејствува без сопствена инфраструктура. Токму ова (отсуството на интересна заснованост) ги стимулира партиите да се обраќаат на избирачите како на неиздиференцирани припадници на народот, а не како носители на различни социјални интереси. Затоа најзначајните партии во Македонија по својата природа се партии конгломерати кои за своја поддршка се обраќаат на сите слоеви. Оваа околност, кога партиите не ги репрезентираат јасно препознатливите интереси на делови од популацијата, им обезбедува скоро неограничен радиус наслободно политичко дејствување. Тоа ја објаснува скоро апсолутната еластичност на најсилните партии кај нас во поглед на судбоносните прашања како што се државното уредување на Македонија, економските реформи (пред се приватизацијата), прашањата врзани за мирот и сл. Брзите и необразложени промени на ставовите на партиите за овие и слични прашања се остваруваа главно без каква и да е негативна реакција на нивните членови или гласачаи. Токму ова го отежнува кај избирачите (но и кај граѓаните воопшто) формирањето на когнитивни мапи на политичкото поле и ја потенција непредвидливоста на политичките настани што, покрај другото, ја загрозува стабилноста на воспоставената демократија во Македонија.

(Извадок од книгата ЦИВИЛНО ОПШТЕСТВО-новите противречноасти на старата расправа)

### СПМ

## Услови за самофинансирање

СПМ ќе го стимулира доброволното здружување на граѓаните во разни невладини и непрофитабилни организации за да се изразуваат согласно на своите потреби и интереси низ разни облици на организирање и ќе им дава силна политичка и материјална поддршка на нивните програми што ќе бидат од посебен општествен интерес за Република Македонија и, во таа насока, ќе создава услови и капацитети за можно самофинансирање на нивните програми". *(стр. 5. дел I Политички систем, Слободно организирање и здружување на граѓаните*

### НДП

## Автономија на цивилното општество

„Посебно внимание ќе посветиме на обидите за полна слобода на научното и уметничко творештво како и на одбрана на полната автономија на сите институции на цивилното општество: универзитетите, културните и верските институции, спортските клубови, синдикатите и разните граѓански друштва (невладини), кои досега биле во милост на партиите на власт". *(стр. 8, социјални права и еднаквост)*

JUST KIDDING

# СОСТАВУВАМЕ ВЛАДА

Почитувани читатели не успеавме да останеме настрана од новиот новинарски жанр наречен пробабилистичка вест во низа. Овој жанр е балканска измислица и весело се практикува и кај нас. Спаѓа во тнр. ревијални жанрови односно забавен дел и делумно во црна хроника. Како и да е спаѓа во тнр. гранично подрачје, феномени од типот на Ванѓа гаѓаат кој се ќе биде министер, раја се забавува, а пораки до мандатарот фрчат на сите страни. Еве на пример владата уште не формирана во „Дневник„ доживеа реконструкција. Ваков разигран новинарски пристап на оваа проблематика се уште не беше бил виден на дуњава, ама Геро и Дамо се махери, го исконструираа првиот виртуелен настан во Македонија. Прво, целиот печат во Македонија ја формираше владата, а сега и ја реконструира. Читателската публика таман се навикна на новите министри за внатрешни работи и за одбрана-Никола и Бучко, тие си ги сменија местата и-станаа Бучко и Никола.

Овој подлисток, сакајќи да биде во тренд, почна да си составува нова влада ви посакуваме пријатна забава.



ВЛАДА, АМИ КАКО

Слушај ваму, слушај добро:

Според извори во СДСМ (чистачката и комшиите на Бранко) новата влада е веќе составена. СДСМ зема сѐ, а ЛДП прифати да добие ново сако за Петар Гошев и местото портпарол на влада,што ќе го извршува Андреј-лелеколкусумубавипаметен-Жерновски. Кога ќе се приклучи ДУИ, ќе се наместат и двајца министри од нивната партија, и двајцата за внатрешни работи. ДУИ тоа го бара како услов за пристап во владата со образложение дека тоа ќе го поправи етничкиот дисбаланс наталожен со години. „Ако во наредните три влади се постават по два министра од албанска националност, етничкиот дисбаланс создаден со тоа што во минатото сите министри беа Македонци ќе се анулира, а Македонија ќе стане вистинско граѓанско општество„-изјави телохранителот на Али Ахмети, командант Командант, кој е еден од двајцата кандидати за ова министерско место. Неофицијално дознаваме дека за другиот ДУИ се уште не знае кој ќе биде. Како и да е, делот од програмата на ДУИ ,познат како сите вие ќе бидете цајкани, има огромна веројатност да се исполни.

Според нашите извори дознаваме дека СДСМ го направил следниов распоред;

**Министер за култура**-Бузле, бил во кино и знае дека постои нешто што се вика театар, неколкупати седел в бифе, сликарство знае што е ама немал време да види изложба и сега ќе има шанса да отвори неколку и со тоа да створи јасен концепт. Како што дознаваме после „овулацијата' за време на претходниот мандат Бузле стигнал до менструација, а тоа уметноста и онака е женска работа. Неговиот суптилитет ќе придонесе за развојот на македонската култура, како никогаш досега.

Кај Бузле, таму и Ило. Ило ќе води специјален оддел за откуп на книги за по библиотеки. Нудено му е повторно да стане Шеф на царина, но Ило одбил со образложение дека сака нов предизвик и дека има и други деца на коишто им се потребни пари.

**Министер за труд и социјална политика** ќе биде; Марјан Ѓуровски, некогашен новинар на сите скопски телевизии и на сите неделни весници. Оваа функција и онака е протоколарна, затоа што Македонија има огромен број невработени, а социјална политика нема. Освен тоа Мацко има многу направено за победата на СДСМ - се има здебелено, на пример, а и Бучко многу го сака.

**Министер за здравство и директор на здравствениот фонд -**ќе биде Благоја Механџиски - Зегин. Дополнително објаснување сметаме дека не е потребно.

**Министерството за локална самоуправа (локална анархија)**-ќе го добие ДУИ.

**Министерството за образование**-ќе биде водено ,исто така, од ДУИ.

**Министерството за надворешни работи**-ќе го води Билјана Секуловска од А1 телевизија. И онака од авион се гледа дека жива се јаде, оти не е министерка за надворешни работи. Во сите извештаи во кои што ја покрива македонската дипломатија постои една порака „ах кога би била јас министер„ - еве и се излегува во пресрет. Биди бе чупе, кој ти брани, ко можеше Филип да биди конзул, за тебе шо останува!

За останатите министерства,ќе се влече лотарија.

Премиер, ќе биде Неждет Мустафа. Коалицијата ЗА на еден од своите состаноци дојде до заклучок дека Бранко е многу покорисен в парламент отколку премиер и дека е редно некој од помалите коалициони партнери да го завземи неговото место. Со тоа ги разби сомнежите дека СДСМ ја доминира коалицијата и покажа дека ја негува демократијата во своите редови. Црвенковски после состанокот изјави; 'Слушај ваму, слушај добро, на 15 септември... Пардон, ние сакаме да докажеме дека победата е заедничка, на целата коалиција и дека мене лично, ништо не ми значи да бидам премиер„.

**ВТОР ЕШАЛОН**

Во оптек се и неколку решенија за таканаречениот втор ешалон на политички функции; на пример, директор на МРТВ ќе биде Марко Спасовски - гледач од Виница. Со тутун - промет е договорено тој да не зема плата, туку еднаш месечно да си купи 10 бинга и Џамбазов да му се јавува по телефон, а тој да се дере: „гледам супербинго'. На ваков симболичен начин ќе отпочне концептот за самофинансирање на МРТВ. Главниот уредник ќе остане ист- тој е константата, црвената нишка што во себе ја вградува повеќедецениската традиција на подлижување, што оваа куќа ја негува како темелна вредност.

Државен јавен обвинител ќе остане Ставре Џиков во склоп на политиката - нема реваншизам, само подзачистуваме. Џиков го докажа старото правило- кој не работи, не греши, и чекајќи ја „колешката Дел Понте„ си помина четири години во зимски сон. Одвреме на време ќе се подопулеше и ќе пробладаше нешто за владеењето на правото и сл. Колку да покаже дека и тој знае по нешто и ,потоа повторно ќе колабираше. Победничката коалиција реши да не му приредува сурово будење и да го остави да пробладува од време на време.

Интересно е и решението што е најдено за брат Љубе. Тој ќе биде поставен за чувар на зоолошката градина во Скопје. Имено победниците заклучија дека ако се вратат сите расшетани лавови и други такви ѕверки зад решетки, постојниот кадар на зоолошката градина е недоволен да се справи со нив, а од друга страна, тој многу добро ги контролира,што го прави идеален за таа функција. Како што дознаваме, веќе се во тек преговори со раководството на зоолошката да му се изгради на брат Љубе една коноба од петстотини квадрата со придружно стрелиште. Така и само така тој конечно ќе се најде на местото,што одамна му припаѓа.

Дарио,ќе биде директор на Агенцијата за млади, спорт, перење на пари и снимање на расистичко-фашистички спотови.

Ѕинго-ќе биде пратеничка група, коалицијата се согласи со изјавата на неговиот портпарол дека тој е неопходен во парламентот и затоа без многу галама ја прифати одлуката на ДИК да го пушти Ѕинго в парламент. Имено во црно-белиот СДСМ-ВМРО свет, тој ќе биде сиво. Посиво, здравје!

Исто така, дознаваме дека еден од првите акти на владата што ќе се најде во собраниска процедура ќе биде законот за амнестија на припадниците на ВМРО-ДПМНЕ. Од тимот што го изработува законот дознаваме дека основна причина за донесување на законот е растоварувањето на програмската шема на МРТВ. Имено, ако им се суди за криминалот што го испонаправија, по четири години кога ќе дојдат пак на власт, кој ќе гледа уште еден серијал на документарци „Судени за идеите на ВМРО„, правени по принципот - седи некој типус на софа и пола сат зборува „Се сеќавам кога... '

А професионалците, сите ќе бидат вратени на работа. Дури и Павле Трајанов ако прифати да не глуми партиски лидер, оти кај нас полицијата е деполитизирана.

Претседател на Америка ќе биде... Чекај малце јас се занесов.

Роберто Беличанец

## Последна вест:
## ЛАВОВИТЕ ЌЕ СЕ ТРАНСФОРМИРААТ ВО НВО

Новата влада ќе му излезе во пресрет на барањето на се уште актуелниот министар за внатрешни работи и член на поетскиот кружок „ВМРО-ДПМНЕ„ и на неговото барање за трансформација на специјалната полициска единица „лавови„ и ќе ги трансформира во невладина организација. ЛАВОВИТЕ - ќе се трансформираат во мониторинг организација која што ќе ги набљудува демократските процеси и изборите. Новата влада при носењето на одлуката за трансформација заклучи дека нивното искуство од набљудувањето и не мешањето во изборите во голема мерка придонесе за демократизацијата на Македонија. Во согласност со трансформацијата, тие ќе го сменат името и најверојатно ќе се викаат „НВО за граѓаните„.

Министерот Бошковски е и задоволен и незадоволен од резултатот, ама и онака е станат потполно независен. Од него веќе ништо не зависи!


FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ИНСТИТУТ
SOCIETY ОТВОРЕНО
INSTITUTE ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

*До: НВО членки на платформата за граѓанска акција ДОСТА Е*

Предмет: Оглас за пријавување на кандидати за цивилни едукатори за потребите на проектот Школа за Демократија

Фондацијата институт отворено општество - Македонија во соработка со Институтот за Демократија, солидарност и цивилно општество од Скопје, продолжува со реализирање на активностите на проектот "Школа за демократија" кој има цел да придонесе за понатамошниот развој на Македонија како модерно демократско општество кое ќе промовира и охрабри колективно проактивно демократско однесување.

Школата за демократија ќе обезбеди едукација и тренинг за основните поими на демократијата, со што ќе придонесе за подигнување на граѓанската свест, на знаењето и разбирањето на НВО и граѓните во локалните заедници заради понатамошен развој и зајакнување на постоечките капацитети на цивилното општесво во Македонија.

Проектот е поделен на три компоненти: тренинг, едукација и кампања.

Во делот на тренингот, покрај обуката на тим од 10 инструктори на цивилни едукатори (Тим Б), која се реализираше од 08 до 14 јули, 2002, предвидено е создавање на тим од 100 НВО активисти (Тим Ц) кои по предвидените обуки ќе имаат задача да го запознаат локалното население со основните принципи, поими, процеси и вредности на демократијата.

Тимот од 10 инструктори (Тим Б) има задача на 100 НВО активисти (Тим Ц) да им пренесе знаења од областа на демократијата како и техники на презентација.

Обуките ќе се одвиваат во пет групи од дваесет лица, секоја група ќе биде обучувана од двајца инструктори, а обуките ќе траат пет дена. Овие активности ќе бидат под супервизија и помош од академскиот советодавен борд и проектниот тим.

Обуките ќе содржат:

- ?ретпладневните сесии со предавања од инструкторите,
- попладневните сесии - работилници, вежби, симулаци,
- вечерните сесии се дебати за проблемите и прашањата поврзани со македонската демократија.

Обуките се предвидени да се одржуваат во текот на октомври и ноември, 2002 година.

Понатамошните активности на цивилните едукатори (Тим Ц) ќе бидат во насока на организирање едукативни активности за запознавање на локалното население со поимите на демократијата преку организирање јавни дебати, настани, работилници.

Ова значи понатамошни обврски во наредните неколку месеци за кој ангажман се предвидени и одредени хонорари.

Локалните НВО од Македонија се поканувааат да предложат по еден член за тимот на 100 цивилни едукатори, а селекцијата ќе изврши тимот од инструктори и проектниот тим. Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве критериуми:

- возраст од 20-40 години,
- најмалку средна стручна подготовка,
- минимум двегодишно искуство во невладиниот сектор,
- познавање на јазиците кои се зборуваат во Македонија.

Селекција на пријавените кандидати ќе се врши врз основа на испратените кратки биографии - **ЦВ** и писмо на мотивираност.

Краен рок за испраќање на апликациите е 30 септември, 2002 година.

Апликациите може да ги испраќате исклучиво по електронски пат (е-маил) на адреса:

Поздрав,
Марија Костовска
Програма Граѓанско општество